**Услови и правила на акциската понуда**
**именувана како „Гаранција OMNITRAC“**
(во продолжение „**услови и правила**“)

**Член 1 Општи услови**

1. Промотивната акциска понуда „Гаранција OMNITRAC“ (во продолжение „**акција/акциска понуда**“) е акција што е развиена и спроведена од компанијата Goodyear Operations S.A со седиште на адреса Avenue Gordon Smith, L 7750 Colmar-Berg, Luxembourg, регистрирана во деловниот регистар на Луксембург под број B71.219 (во продолжение „**организатор**“). Целта на акцијата е да се обезбеди дополнителна гаранција за случајно оштетување на избраните пневматици OMNITRAC S, OMNITRAC D, OMNITRAC T, OMNITRAC S HEAVY DUTY и OMNITRAC D HEAVY DUTY од трговската марка Goodyear, кои се определени во Анекс 1 од овој документ (во продолжение „**пневматици**“).

2. За целта на оваа акција, „**поврзаната личност**“ е секое друштво, претпријатие, заедничко вложување, партнерство или друг бизнис-субјект, организација или правно лице што организаторот, директно или индиректно, ги управува заедно со други лица или, директно или индиректно, ги управува организаторот. Таквото управување на друштвото претставува директна или индиректна сопственост од 50 или повеќе проценти што котираат на хартии од вредност на друштвото со право на глас при избор на директор или еднакви права при гласање, а покрај тоа, ова значи и директно или индиректно влијание врз насочувањето или определувањето на насочувањето при управувањето и на правилата на таквото друштво. Изразите „владејачко друштво“ и „зависно друштво“ имаат меѓусебно зависни значења.

3. Изведувањето на акцијата го поддржува и го управува друштвото *PRO DUCT by Business Friends sp. z o.o.* со седиште во Варшава на адреса Jankowska 10 (Poland), која е запишана во Деловниот регистар на Полска во Окружниот суд за главниот град Варшава во Варшава (XII Економски оддел на Националниот судски регистар) под број KRS 0000004049 (во продолжение „**администратор**“).

4. Целта на акцијата е на возниот парк што ги исполнува сите услови што се определени тука, да му понуди бесплатна гаранција при случајно оштетување на пневматиците (во продолжение „**гаранција за случајно оштетување**“). Деталните услови и правила на гаранцијата за случајно оштетување се определени во Анекс 2 од овој документ.

5. Овие услови и правила се објавени на веб-страницата www.MyGoodyear.eu (во продолжение „**веб-страница**“) во текот на целата акција.

6. Организаторот го задржува правото на промена на овие услови и правила со објавување на нивната нова верзија на веб-страницата, при што ниедна промена не смее да ги прекрши веќе добиените права на учесниците. Промената на овие услови и правила станува јавна најмалку седум (7) дена пред да стапи во сила.

7. Оваа акција не е игра на среќа и во ниеден случај не смее да се смета за игра на среќа.

**Член 1 Услови за учество во акциската понуда**

1. Акциската понуда е развиена исклучително за возните паркови што ја регистрирале својата работна дејност во Република Македонија и ги исполниле сите услови што се наведени во продолжение:
    a) во постапката за регистрација на веб-страницата потврдиле дека се согласуваат со условите за употреба на веб-страницата и поднеле соодветна пријава за пристап до веб-страницата со пополнување на сите задолжителни полиња;
    b) при регистрацијата на веб-страницата дале согласност за достапност до потребните лични податоци од организаторот и обработка на личните податоци од организаторот;
    c) го регистрирале учеството во акциската понуда на веб-страницата со прифаќање на овие услови и правила;
    d) немаат никакви неплатени финансиски обврски до организаторот и до ниедна личност поврзана со него;
    e) во текот на акциската кампања купиле барем еден пневматик (од организаторот или од кој било друг продавач) и ова купување го регистрирале на веб-страницата во согласност со точка 2 дел 4 подолу;
    f) ги исполнуваат сите дополнителни услови што поединечно се одредени во Анекс 2 од овој документ;

   во продолжение во множина „**учесници**" и поединечно „**учесник"**.

2. Во акциската понуда не смее да учествуваат вработените на организаторот, членовите на нивните семејства и вработените што се поврзани со други субјекти што соработуваат во развојот и реализирањето на акцијата на организаторот, како и лицата што редовно работат со договор за дело кај таквиот субјект.

3. Организаторот го задржува правото да одлучува за повлекување на правото за учество на учесниците во акциската понуда ако се прекршуваат условите и правилата, дури и ако учесникот изведува дејност што ги загрозува добриот углед, репутацијата или интересите на организаторот и која било личност поврзана со него. Организаторот го задржува правото да одлучува за повлекување на правото за учество на учесниците во акциската понуда ако се утврди дека учесниците употребувале нецелосни или лажни имиња или адреси. Во овој случај, исклучените учесници го губат правото на гаранција за случајно оштетување на купените пневматици.

4. Организаторот не е одговорен за последиците што се предизвикани од учесниците со неисполнување на даночните обврски. Организаторот не е одговорен за евентуалната штета што произлегува од промената на законите или нивното толкување ниту, пак, за дополнителните трошоци што им се наметнуваат на учесниците за даночни обврски и други јавни давачки.

**Член 3 Траење на акциската понуда**

1. Акцијата почнува на 01.1.2025 година и трае до 31.12.2025 година (во продолжение „**траење/тек на акциската понуда**“), а тоа значи дека акциската понуда не важи за пневматиците што се купени по 31.12.2025 година и тие не може да се регистрираат на веб-страницата.

2. За потребите на акциската понуда, како ден на купување се смета датумот што е наведен на јасно скениран извод на документот што учесникот ќе го објави на веб-страницата во согласност со точка 2 член 4 подолу.

**Член 4 Гаранција за случајно оштетување**

1. Организаторот се обврзува дека ќе обезбеди гаранција за случајно оштетување на пневматиците, кои се одредени во Анекс 1, за учесниците што правилно се регистрирале на веб-страницата и кои истовремено ги исполнуваат сите услови што се определени во овие услови и правила и во Анекс 2.

2. Учесниците што сакаат да обезбедат гаранција за случајно оштетување ги регистрираат своите пневматици, кои се купени во текот на акциската понуда, на веб-страницата. Пневматиците што ги купиле учесниците мора да се регистрираат во рок од шест (6) недели од нивното купување. Во текот на нивната регистрација учесниците мора на веб-страницата да приложат јасни скенирани документи или фотографии од релевантните документи што го потврдуваат купувањето. При регистрацијата на своите купени пневматици на веб-страницата учесниците мора да приложат јасно скенирани копии или фотографии од сметките или од потврдите за плаќање што го потврдуваат купувањето (мора да бидат наведени податоци за марката, моделот, количината, димензиите и профилот на купените пневматици).

3. Администраторот ги проверува и ги потврдува сите скенирани копии и фотографии од релевантните документи што го потврдуваат купувањето на пневматиците и кои се приложени на веб-страницата од учесникот и на организаторот му обезбедува податоци за исполнувањето или за неисполнувањето на сите услови за обезбедување гаранција за случајно оштетување.Администраторот му доставува на организаторот и податоци за димензиите и за профилот на пневматиците што учесниците ги купиле и ги регистрирале. Администраторот нема да му открие на организаторот ниту, пак, на кое било лице поврзано со него никакви комерцијално чувствителни информации што се добиени од учесниците.

4. Организаторот го задржува правото да му одбие гаранција за случајно оштетување на кој било учесник што не го регистрирал купувањето на пневматиците во дадениот период што е одреден во точка 2 погоре или на кој било учесник што по регистрирањето на купувањето на веб-страницата го повлекол купувањето.

**Член 5 Одобрување на правото за учество на учесниците**

1. Администраторот ќе ја изведе постапката на проверка дали учесниците ги исполнуваат сите критериуми за учество во рок од 14 дена од регистрацијата на секој пневматик на веб-страницата.

2. Сите учесници ќе бидат известени за резултатите од постапката на проверка во рок од 21 ден од регистрацијата на секој пневматик на веб-страницата. Соодветно известување се праќа со порака на електронската адреса на учесникот што е наведена при регистрацијата на веб-страницата.

**Член 6 Приговор**

1. Учесниците имаат право на приговор во однос на акциската понуда.

2. Учесникот мора да го прати приговорот во писмена форма директно до организаторот, со препорачано писмо или со курир во рок од 14 дена од датумот на забележувањето на какви било неправилности во врска со акцијата. Организаторот нема да ги земе предвид приговорите што се добиени по горенаведениот период. Приговорите може да се пратат на следнава адреса на организаторот: Goodyear Operations S.A., Commercial Marketing Department, Avenue Gordon Smith, L-7750 Colmar-Berg, Luksemburg.

3. Одлуката за прифаќање или за одбивање на приговорот исклучително ја донесува организаторот и тој писмено ќе го извести учесникот што го пратил приговорот за својата конечна одлука најдоцна 14 дена од приемот на приговорот.

4. Секоја друга комуникација меѓу учесниците и организаторот што е во согласност со други индикации од точка 2 ќе се одвива преку веб-страницата или на електронската адреса на организаторот contact@mygoodyear.eu.

**Член 7 Лични податоци на учесниците**

1. Организаторот управува со податоците односно ги обработува личните податоци на учесниците што учествуваат во акцијата. Детални информации за обработката на личните податоци на учесниците се наведени во Условите за користење и во Политиката за приватност, објавени на веб-страницата и достапни за сите учесници.

**Член 8 Завршни правила**

1. Овие услови и правила ги обврзуваат сите договорни странки што учествуваат во акцијата и со нив се одредуваат начелата на акцијата, критериумите за учество во неа, како и правата и обврските на организаторот, администраторите и на учесниците.

2. За сите работи што не се уредени со овие услови и правила важи законодавството на Луксембург што е надлежно на седиштето на организаторот.

3. За разрешување на сите спорови што произлегуваат од овие услови и правила одлучуваат исклучително се јавните судови што територијално се надлежни за седиштето на организаторот.

**Анекс 1 кон условите и правилата на акциската понуда „Гаранција OMNITRAC“**

## ПНЕВМАТИЦИ ЗА КОИ ВАЖИ ГАРАНЦИЈАТА ЗА СЛУЧАЈНО ОШТЕТУВАЊЕ

Гаранција за случајно оштетување добиваат следниве нови пневматици OMNITRAC S, OMNITRAC D, OMNITRAC T, OMNITRAC S HEAVY DUTY и OMNITRAC D HEAVY DUTY на трговската марка Goodyear:

| **Димензија** | **Профил** | **Длабочина на шарите на слојот – нова (мм)** |
|---|---|---|
| 13 R 22.5 | OMNITRAC D | 20.9 |
| 295/80 R 22.5 | OMNITRAC D | 19.0 |
| 315/80 R 22.5 | OMNITRAC D | 20.9 |
| 315/70 R 22.5 | OMNITRAC D | 20.0 |
| 13 R 22.5 | OMNITRAC S | 17.4 |
| 295/80 R 22.5 | OMNITRAC S | 16.1 |
| 315/80 R 22.5 | OMNITRAC S | 17.4 |
| 315/70 R 22.5 | OMNITRAC S HL | 16.7 |
| 385/65 R 22.5 | OMNITRAC S | 15.4 |
| 385/65 R 22.5 | OMNITRAC S HL | 15.4 |
| 385/65 R 22.5 | OMNITRAC T | 17.6 |
| 12 R 22.5 | OMNITRAC S HEAVY DUTY | 16.1 |
| 13 R 22.5 | OMNITRAC S HEAVY DUTY | 17.4 |
| 315/80 R 22.5 | OMNITRAC S HEAVY DUTY | 17.9 |
| 12 R 22.5 | OMNITRAC D HEAVY DUTY | 16.1 |
| 13 R 22.5 | OMNITRAC D HEAVY DUTY | 17.1 |
| 315/80 R 22.5 | OMNITRAC D HEAVY DUTY | 18.0 |
| 13 R 22.5 | TreadMax OMNITRAC D | 20.9 |
| 13 R 22.5 | TreadMax OMNITRAC D | 20.9 |
| 315/80 R 22.5 | TreadMax OMNITRAC D | 20.9 |
| 315/80 R 22.5 | TreadMax OMNITRAC D | 20.9 |
| 315/70 R 22.5 | TreadMax OMNITRAC D | 20.0 |
| 315/70 R 22.5 | TreadMax OMNITRAC D | 20.0 |
| 385/65 R 22.5 | TreadMax OMNITRAC T HL | 17.6 |
| 385/65 R 22.5 | TreadMax OMNITRAC T HL | 17.6 |
| 325/95 R 24 | OMNNITRAC S HEAVY DUTY | 16,7 |
| 325/95 R 24 | OMNNITRAC D HEAVY DUTY | 20,9 |

**Анекс 2**
**кон условите и правилата**
**на акциската понуда „Гаранција OMNITRAC“**

## УСЛОВИ И ПРАВИЛА ЗА ГАРАНЦИЈА ЗА СЛУЧАЈНО ОШТЕТУВАЊЕ

### 1. Услови и правила за гаранција за случајно оштетување

Гаранцијата за случајно оштетување ги покрива сите можни оштетувања на пневматиците за кои важи оваа гаранција и ако пневматикот е неупотреблив и не може да се поправи под следниве услови:

a) пневматикот бил употребуван во согласност со инструкциите на производителот;
b) возилото со пневматикот во прашање не учествувало во сообраќајна несреќа или предмет на вандализам, пневматикот не бил бил изложен на хемикалии или оган и не било оштетено во природна катастрофа;
c) пневматикот има шара на слојот што во моментот на поднесување на барањето врз основа на гаранцијата за случајно оштетување не била истрошена повеќе од 50% во споредба со првичната длабочина на профилот на новите пневматици што е одреден во дел I од Анекс 1.

### 2. Постапка за поднесување барање за гаранција

Сите барања врз основа на гаранцијата за случајно оштетување учесниците мора да ги поднесат во рок од 28 дена од датумот на случајното оштетување на пневматикот:

a) Учесникот се пријавува на веб-страницата, потоа на листата на веќе регистрирани пневматици, во својот личен профил го бара оштетениот пневматик и ја почнува постапката за гаранција со избирање на оштетениот пневматик од листата и поднесува барање за гаранција.
b) На веб-страницата, учесникот го бара соодветниот овластен дистрибутер на пневматици со кој сака да соработува во постапката за гаранција (во продолжение „**избран дистрибутер**“).
c) Во рок од 28 дена од поднесувањето на барањето за гаранција учесникот го доставува оштетениот пневматик до избраниот дистрибутер што ќе ја изврши контролата на пневматикот.

Откако организаторот ќе го добие барањето за гаранција, учесникот ќе добие потврда за поврат на средствата во посебна порака што ќе биде пратена на неговата електронска адреса што е регистрирана на веб-страницата. Организаторот ќе го извести учесникот и за одбивањето на барањето за гаранција со посебна порака што ќе биде пратена на неговата електронска адреса што е регистрирана на веб-страницата.

Ако организаторот го прифати барањето за гаранција, пневматиците што се предмет на ова барање се сопственост на организаторот во моментот кога релевантниот учесник ќе биде известен дека е прифатено неговото барање за гаранција. Ако организаторот го одбие барањето за гаранција, учесникот може да побара враќање на прегледаните пневматици во рок од 28 дена од моментот на известувањето дека е одбиено неговото барање за гаранција.

### 3. Постапка за поврат на средства

Ако пневматикот за кој се поднесува барање за гаранција ги исполнува сите услови што се утврдени во овие услови и правила, како и во дел I од Анекс 2 и организаторот во постапката за гаранција ја прегледал и ја прифатил, на учесникот што поднел барање за секој поединечен пневматик ќе му се

одобри еднократна исплата што се пресметува по следнава формула (во продолжение „**поврат на средства“**).

*[преостаната длабочина на профилот на пневматикот за кој е поднесено барање за гаранција (изразена во милиметри) / длабочина на профилот на новите пневматици, димензии, марка и вид, наведени во дел* I *од Анекс 1 (изразена во милиметри)] помножено со 500 евра.*

Администраторот ќе ја изврши исплатата директно на трансакциската сметка што ја навел учесникот и која ја потврдил во постапката за регистрација на веб-страницата. Повратот на средствата ќе биде извршен во рок од 28 дена од денот кога учесникот е известен за одобрувањето на неговото барање за гаранција.

Правото на поврат на средства истекува во рок од шест (6) месеци од денот кога учесникот добил известување од организаторот дека е одобрено неговото барање за гаранција. Гаранцијата за случајно оштетување, во секој случај, истекува во рок од 24 месеци од денот на купувањето на пневматиците.

Гаранцијата за случајно оштетување не ги покрива потенцијалните трошоци за услуги што се поврзани со замена на пневматиците. Сите вакви трошоци се покриени од учесниците.